„‚Кој со лажно колнење ќе го присвои правото на некој муслиман, Аллах му го наредил Огнот (како казна) и му го забранил Џенетот.‘ Еден човек прашал: ‚О Аллахов пратенику, дури и ако е нешто безначајно?‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: ‚Дури и ако е гранче од дрвото арак.‘“

Ебу Умаме, Ијас бин Салебе ел-Хариси, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „‚Кој со лажно колнење ќе го присвои правото на некој муслиман, Аллах му го наредил Огнот (како казна) и му го забранил Џенетот.‘ Еден човек прашал: ‚О Аллахов пратенику, дури и ако е нешто безначајно?‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: ‚Дури и ако е гранче од дрвото арак.‘“

[رواه مسلم] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, строго предупредил од лажно колнење во име на Аллах со цел да се присвои туѓо право. Последицата за тоа е заслужување на џехенемската казна и забрана за влез во Џенетот – што го прави ова дело да биде едно од големите гревови. Потоа некој човек го прашал Пратеникот дали ова важи и за нешто безначајно? Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појаснил дека важи дури и ако се работи за парче мисвак – гранче од дрвото арак.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5430